20181602955

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

☐Врз основа на член 9, член 25 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 30 јули 2018 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарната здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 42/2012, 176/2013, 47/2014, 7/2016, 122/2016, 14/2018 и 129/2018), во членот 7, став 1 и став 2 се менуваат и гласат:

„Основната капитација за дејноста гинекологија за осигурени лица од женски пол на возраст над 12 години до крајот на животот, Фондот ја определува за:

- осигурени лица од женски пол – 1 поен и
- осигурени лица - бремени жени – 2 поена

Во зависност од бројот на остварените поени за дејноста гинекологија, вредноста на поенот се пресметува на следниот начин:“

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1 септември 2018 година.

Бр. 02 – 11342/18
6 август 2018 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
Верица Проковиќ, с.р.